**Известување за концентрација со која МАВИР ДОО Унгарија влегува како нов контролен содружник во АДЕКС ГРУПАЦИЈА Холдинг друштво ДОО Словенија (предмет бр. 08-81/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата која се состои од влез на нов контролен содружник, МАВИР ДОО Унгарски Независен оператор на електропреносниот систем со седиште на Анико утца 4, Будимпешта, Република Унгарија („**МАВИР**"), во АДЕКС ГРУПАЦИЈА Холдинг друштво ДОО, организирано и постоечко согласно законите на Словенија, со седиште на Дунајска цеста 156, 1000 Љубљана, Словенија („**АДЕКС СИ**"), друштво во заедничка сопственост на ЕЛЕС ДОО оператор на комбинираната преносна и дистрибутивна електроенергетска мрежа, со седиште лоцирано на Хајдрихова улица 2, 1000 Љубљана, Словенија („**ЕЛЕС**"), Акционерско друштво „Електромрежа на Србија" Белград, со седиште лоцирано на Кнез Милош 11, 11000 Белград, Република Србија („**ЕМС**") и ЕПЕКС СПОТ, Европска Берза за Електрична енергија, со седиште лоцирано на Булевар Монмартр 5, 75011 Париз, Франција.

Согласно Трансакцијата, АДЕКС СИ ќе биде предмет на прекугранична трансформација во друштвото АДЕКС ХОЛДИНГ ДОО („**АДЕКС ХУ**"), со регистрирано седиште во Унгарија. МАВИР ќе стекне 40% учество и заедничка контрола над АДЕКС ХУ, со вложување на друштвото HUPX Hungarian Power Exchange Company Limited („HUPX") во АДЕКС ХУ.

Алтернативно, концентрацијата може да резултира во единствена контрола на МАВИР над АДЕКС ХУ (и индиректно на неговите подружници), бидејќи одлуките над кои ќе имаат контрола ЕЛЕС, ЕМС и МАВИР може да не се препознаат како одлуки од стратешка природа.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**<u>МАВИР</u>** е оператор на електропреносниот систем во Унгарија.

МАВИР обезбедува сигурна, ефикасна и сигурна работа на унгарскиот електроенергетски систем и обезбедува количина на потребните резерви во електраните и на мрежата. МАВИР ги надгледува и зголемува средствата на мрежата и ги врши потребните активности за обновување, одржување и развој потребни за правилно и безбедно снабдување со електрична енергија.

МАВИР поттикнува непречено функционирање на пазарот на електрична енергија, негово натамошно проширување и пристап до него за корисниците на системот на еднаква основа. МАВИР ги обработува податоците добиени од учесниците во снабдувањето со електрична енергија. Ја координира работата на унгарскиот електроенергетски систем и соседните мрежи, како и обезбедува професионална меѓународна соработка. МАВИР ја подготвува идната стратегија за развој на мрежата и планот за развој на мрежата за 132 kV и повисоки преносни мрежи во согласност со процесите за развој на европската мрежа.

МАВИР ги анализира очекуваните сценарија за потрошувачка на електрична енергија и идните производни капацитети. Ги следи постоечките услови на унгарската преносна мрежа и интерконекции, ги координира плановите за одржување на мрежните лиценци и одлучува дали да се одобри исклучување заради безбедно, континуирано и висококвалитетно снабдување. Дополнително, МАВИР обезбедува активности за одржување на мрежата неопходни за подобрување на оперативните безбедносни индекси и врши реновирање. Организира зачувување и зголемување на мрежните средства (далноводи, трафостаници, опрема за трафостаница), координација и извршување на активностите во согласност со прописите, стратегијата за развој на мрежата.

МАВИР Групата има едно регистрирано поврзано лице во Северна Македонија и тоа: Друштво за трговија со електрична енергија МВМ ПАРТНЕР ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 6947832 со седиште на ул. 8ма Ударна бр. 43-3, Скопје, со дејност: трговија со електрична енергија.

**ЕЛЕС** е оператор на комбинираната преносна и дистрибутивна електроенергетска мрежа на Република Словенија. Обезбедува безбеден, сигурен и непрекинат пренос и дистрибуција на електрична енергија низ Словенија и преку границите, како и сигурно управување со електроенергетскиот систем за стабилност, ефикасен развој на општеството и транзиција на Словенија и регионот без јаглерод.

Друштвото управува и го контролира електроенергетскиот систем (ЕЕС) на Словенија. Ја одржува рамнотежата помеѓу производството и потрошувачката на електрична енергија и обезбедува системски услуги. Со одржување, градење и ажурирање на инфраструктурата на електричната мрежа, истото ја задоволува растечката потреба за потрошувачка на електрична енергија и обезбедува нејзин сигурен и ефикасен пренос. Персоналот за одржување на лице место обезбедува беспрекорна состојба и брзо отстранување на пречки.

Главните активности на ЕЛЕС се 35.120 Пренос на електрична енергија, кој ја опфаќа дејноста на системски оператор на преносната мрежа и 35.130, кој ја вклучува дејноста на оператор за дистрибуција, кои во согласност со словенечкиот Закон за снабдување со електрична енергија, се задолжителен економски јавен сервис.

ЕЛЕС или ЕЛЕС Групата немаат регистрирано поврзано лице на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.

**ЕМС** врши дејност на пренос на електрична енергија (35.12). ЕМС е системски оператор на преносната мрежа во Република Србија. Обезбедува безбеден и сигурен пренос на електрична енергија, ефикасно управување со работата на електроенергетскиот систем, кој е меѓусебно поврзан со електроенергетските системи на други земји, оптимален и одржлив развој на преносниот систем со цел задоволување на потребите на корисниците и општеството како целина, обезбедувајќи функционирање и развој на пазарот на електрична енергија во Република Србија и негова интеграција на регионалниот и европскиот пазар на електрична енергија.

ЕМС или ЕМС Групата немаат регистрирано поврзано лице на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.

**<u>АДЕКС СИ</u>** делува како финансиски холдинг. Основна дејност на АДЕКС СИ е дејност на холдинг друштва (64.200). Дополнително, друштвото АДЕКС СИ ги врши и следните активности: 66.110 Управување со финансиски пазари, 70.100 Дејност на администрирање на друштва, 74.900 Професионални и технички активности кои не се споменати на друго место, 82.990 Поддршка на деловно работење кои не се споемнати на друго место и 96.090 Други услужни дејности кои не се споменати на друго место.

Во моментов, АДЕКС СИ е единствен акционер на друштвата:

а) BSP Energy Exchange LLC (Словенија) („BSP") и

б) SEEPEX AD Beograd (Србија) („SEEPEX").

АДЕКС СИ или АДЕКС СИ Групата немаат регистрирано поврзано лице на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.

.

Подносителите на известувањето сметаат дека како релевантен пазар за предметната концентрација би можел да се дефинира е пазарот за олеснување на тргувањето со електрична енергија, бидејќи трансакцијата се однесува на друштва кои овозможуваат тргување со електрична енергија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.05.2024 година
Скопје